Peace Corps
MACEDONIA









# Годишен извештај 2017

Peace Corps

# Порака од Директорот



Марк Ханафин
Директор
Мировен Корпус Македонија
*(поранешен волонтер на Мировен корпус во Киргистан, 1993-1995)*

> “Секој млад Американец кој е дел од Мировниот корпус и кој работи во туѓа земја, свесен е дека ја споделува големата заедничка цел за обезбедување пристоен начин на живот за луѓето, што е основа на слободата и на мирот ".
>
> — Џон Ф. Кенеди

Мировен корпус во својата 22-ра година од постоењето во Македонија достигна импресивни достигнувања. 79 мажи и жени во текот на својата служба во 2017 година ги донесоа своите вештини, знаења и искуства од Соединетите Американски Држави. Тие дадоа заклетва дека ќе работат како волонтери во клубови, во училишта, во општини и во невладини организации во заедниците низ Македонија и започнаа да се запознаваат со културата и со јазиците што се зборуваат во Македонија.

Оваа година фокусот на нашата работа беше насочен кон најмаргинализираните сфери од општеството: луѓето со посебни потреби, руралните заедници и младите луѓе. 25% од волонтерите работеа во рурални средини. Волонтерите поддржуваа 79 клуба во нивните заедници. Волонтерите на Мировен корпус работеа со 6200 деца и млади луѓе. Во меѓувреме, ние работиме со нашите партнери на постигнување одржливост на заедничките проекти. Програмата на Модел на Обединетите Нации, која ја почна пред многу години волонтер на Мировен корпус, беше официјално предадена на Коалицијата на младински организации СЕГА. Исто така, секоја година назначуваме по еден волонтер кој својата трета година од службата работи со ИМКА Битола за да помогне во координацијата на камповите за млади девојки и момчиња GLOW и YMLP.

Многу сме горди што повторно работиме со Владата на Република Македонија во областа на посебните потреби, образованието и унапредувањето на англискиот јазик и во развојот на заедниците. Нашите партнерства со Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и Министерството за локална самоуправа се зацврстуваат со заеднички планови за работа, посети и консултативни состаноци за грантови, како и идентификување работни места за идните волонтери. Секој ден сме благодарни за гостопримството од страна на Владата, граѓанскиот сектор, општините и за сите извонредни семејства домаќини на волонтери.

Се надевам дека ќе ви биде задоволство да дознаете повеќе за работата на Мировен корпус. Сите ние можеме заедно да направиме прекрасни нешта за иднината на Македонија.

# Накусо за Мировен корпус

Во 1961 год. Претседателот на Соединетите Американски Држави Џон Ф. Кенеди го формира Мировен корпус за да промовира светски мир и пријателство и ги предизвика Американците да живеат и да работат во земјите во развој. Поминаа повеќе од педесет и пет години од формирањето на Мировен корпус, но мисијата и улогата на Мировен корпус го издржа тестот на времето. Трите цели на Мировен корпус остануваат подеднакво важни како што беа и при неговото формирање:



Цел 1: Да се обезбедат волонтери што ќе дадат свој придонес во развојот на заинтересираните земји преку размена на информации и искуства.
Цел 2: Да помогне луѓето од овие земји да имаат подобро разбирање за луѓето од Америка.
Цел 3: Да помогне луѓето од Америка да стекнат подобро разбирање за народите од земјите во светот.

Од 1961 година, повеќе од 220 000 волонтери на Мировен корпус служеле во 141 држава, и оставиле во наследство заеднички вредности, подобрени односи, и одржлив развој во заедницата. Во 2017 година околу 7300 Американци волонтираа во 60 земји низ целиот свет.

# Мировен корпус во Македонија



Мировен корпус ја формира својата програма во Македонија во 1996 година, по покана од Владата на Македонија. Оттогаш, околу 750 волонтери имаат служено во училишта, општини, граѓански организации и јавни институции за да ги задоволат различните потреби на заедниците низ земјата. Како признание за значењето на Мировен корпус за подобрувањето на македонско-американското пријателство и за обврската и посветеноста на волонтерите во македонското општество, претседателот на Македонија му додели Орден за заслуги на Мировен корпус во Македонија во 2011 година.

Во 2017 година вкупно 79 волонтери служеа во еден од двата проекта на Мировен корпус Македонија, програмата за унапредување на наставата по англиски јазик и програмата за развој на заедницата, со посебен фокус на младите и лицата со посебни потреби.

Во текот на нивната служба во Македонија, волонтерите се запознаваат со локалната култура, ги учат локалните јазици и активно учествуваат во општествениот живот. По пристигнувањето во Македонија, волонтерите поминуваат низ интензивна обука за јазик, култура и технички вештини. За да се олесни нивната интеграција во локалните заедници, волонтерите живеат со локални семејства-домаќини за време на првичната обука, но и во периодот од 6 до 24 месеци од нивната служба. Мировен корпус ја имплементира својата програма во Македонија преку директна соработка со повеќе државни и локални партнери коишто се активни во сферата на образованието, развојот на заедницата, работа со младите и лицата со посебни потреби.

Во 2017 година Мировен корпус Македонија имаше активни меморандуми за соработка со следните партнери: Министерство за образование и наука, Министерство за локална самоуправа, Министерство за труд и социјална политика, Црвен Крст на Република Македонија, Агенција за млади и спорт на Република Македонија, Национален младински совет на Македонија и Коалицијата на младински организации СЕГА.



# Приказната за Мировен корпус Македонија низ бројки:

**2** проекта на Мировен корпус во Македонија - програма за унапредување на наставата по англиски јазик и програма за развој на заедниците

**5** летни кампови „Низ светот“, организирани во руралните заедници

**7** меморандуми за соработка со партнери

**10** волонтери кои служеа во организации и институции за лица со посебни потреби

**22** години на Мировен корпус во Македонија

**35** основни и средни училишта во кои служеа волонтери

**36** проекти во заедницата кои беа имплементирани преку програмата за мали грантови на Мировен корпус

**43** општини во кои живееја и служеа волонтери

**79** волонтери на Мировен корпус служеа во Македонија

**83** наставници од основни и средни училишта соработуваа со волонтери

**92** граѓански организации работеа со волонтери

**151** наставници од основни и средни училишта соработуваа со волонтери

**150** лица со посебни потреби со кои работеа волонтерите

**500** млади луѓе кои учествуваа во клубовите GLOW и YMLP во нивните заедници

**6200** ученици од основните и средни училишта кои учеа англиски јазик со помош на волонтер

**10000** лица кои беа дел од активностите за учество во заедницата, стекнување животни вештини и волонтирање

# 2 Проекта во Македонија

## Проект за развој на заедницата

Проектот за развој на заедницата во Македонија ги поддржува заедниците и организациите со цел постигнување поефикасен одржлив развој на заедниците. Во 2017 волонтерите на Мировен корпус работеа со граѓански организации, локални општини и јавни институции низ земјата.

Во 2017 година Мировен корпус Македонија дополнително го зајакна својот ангажман во младинската работа и во работењето со лица со посебни потреби, промовирајќи директен (grass-root) развој на заедницата. Во сферата на младите, волонтерите го организираа заеднички активности со младинските организации и локалните младински совети. Мировен корпус Македонија го зголеми своето учество во сферата на работа со лица со посебни потреби, преку воспоставување партнерства со дневни центри, училишта за ученици со посебни потреби и граѓански организации коишто работат со лица со попреченост.

Целите на проектот за развој на заедницата во работата со локалните партнери е да се подобри придонесот на организациите и неформалните групи за идентификуваните потреби на заедницата; да се зголеми младинското учество во заедницата и да се развијат вештините на младите како личности и активни граѓани; и да се зајакнат капацитетите на организациите за да се подобри квалитетот на живот за лицата со посебни потреби.

Следните активности беа приоритет на волонтерите на Мировен корпус и нивните соработници во 2017:



- Поддржување на организациите при утврдувањето на потребите на заедницата и градење стратешки партнерства за да се одговори на идентификуваните потреби
- Подобрување на вештините на вработените во областите значајни за организацискиот развој
- Обуки за граѓаните со цел нивно учество во заедницата и стекнување животни вештини, како и подигање на свеста за лицата со попреченост
- Фасилитирање и организирање активности за развој на животни вештини кај младите луѓе, младински клубови и кампови GLOW и YMLP, програми за граѓанско лидерство, Модел на Обединетите нации и државни натпревари по спелување на англиски јазик

# 2 Проекта во Македонија

## Проект за унапредување на наставата по англиски јазик

Мировен корпус Македонија ја имплементира програмата за унапредување на наставата по англиски јазик во соработка со Министерството за образование и наука на Македонија, како и со агенции и организации коишто се посветени на подобрување на образовните можности. Во 2017 година волонтерите работеа во основни и средни државни училишта низ земјата, со акцент на руралните и маргинализираните заедници. Волонтерите им помагаа на наставниците по англиски јазик во наставата со воведување методи за ставање на учениците во фокусот на часот  и за организирање на часот, како и асистирање со мешани паралелки.




Целите на програмата за унапредување на наставата по англиски јазик се: да се подобри квалитетот на предавањето во училиштата, да се зголеми успехот на учениците во учењето англиски јазик и да се зајакне училишната заедница. На барање од Министерството за образование и наука, Мировен корпус организираше обуки за наставниците по англиски јазик за работа со ученици со посебни потреби на часовите по англиски јазик.

Следните активности беа приоритет на волонтерите на Мировен корпус и нивните соработници-наставници во 2017:

- Заедничко предавање со наставниците по англиски јазик;
- Воведување методи за ставање на учениците во фокусот на часот
- Подготвување материјали за час;
- Поддршка на наставниците за развивање методологија за работа со ученици со посебни потреби;
- Предавање англиски надвор од училиштето, во клубови и други слободни активности;
- Помагање на училиштата со проектни активности.

# 10 Волонтери во Центри за луѓе со посебни потреби

## Успеси на волонтерите

Јас волонтирам во училиште каде што има ученици со различни посебни потреби на возраст од трето до деветто одделение. Откако пристигнав на моето работно место, јас и мојот соработник ги идентификувавме моите задачи кои би можеле најмногу да им помогнат на лицата со посебни потреби за време на часовите. Како резултат на различните посебни потреби на учениците, јас и мојата соработничка решивме да се фокусираме на развивање едукативни материјали.



Во текот на учебната година, мојот соработник ме подучуваше за предметите коишто обично се изучуваат во различните одделенија. На овој начин, можев да создадам дополнителни материјали за одредени предмети, како на пример, за македонски јазик, коишто коишто мојот соработник може да ги користи. Овие дополнителни материјали вклучуваат: материјали за вежбање пишување, образовни игри соодветни за одредени предмети, материјали за вежбање математика итн. Исто така, почнав да развивам и материјали за ученици со аутизам.

Ресурсите за часовите ги направив од лесно достапни материјали како на пример, ролни од тоалет хартија, картонски кутии, конзерви од кафе, стари книги и кутии од лекови. Ова ни помогна да станеме свесни дека материјалите што обично би ги фрлиле, можеме повторно да ги употребиме на нашите часови.

Покрај создавањето едукативни материјали, јас и мојот соработник почнавме со спроведување настава приспособена на различните потреби на учениците. Воведувањето диференцирани метопди за предавање и оценување го подобри успехот на учениците. Според мојот соработник, овие образовни методи го олесниле предавањето и учењето затоа што со нив темата може да се приспособи на индивидуалниот стил на учење на ученикот.

# 35 Основни и средни училишта каде што служеа волонтерите

## Успеси на волонтерите

Училиштето на Дејна во Штип организира прослави по повод македонските и православите празници како Велигден или 1 Април за време на часовите и во заедницата. И покрај различниот етнички состав и големиот број ромски ученици, не се посветува доволно внимание на ромските и на муслиманските празници. Поради ова, Дејна и нејзината соработничка Гордана сакаа да им овозможат на нивните ромски ученици да ја слават својата култура.



Тие организираа недела со часови и дополнителни активности фокусирани на меѓународниот ден на Ромите што е на 8 Април. Учениците од четврто и од петто одделение ја споделија својата култура со нивните соученици преку музика и обележја, додека Дејна и Гордана одржаа час по англиски јазик за ромското знаме, употребувајќи симболи и бои за да можат учениците да вежбаат опишување на англиски јазик. На крајот од неделата, сите ученици од четврто и од петто одделение беа поканети на прослава во локалното Американското катче, каде што учениците го направија ромското знаме од рециклирани материјали и, исто така, играа игри, слушаа музика и јадеа чоколади.



„Ова беше прекрасен настан за нашите ученици и можност да учат еден од друг и да зборуваат за традиционалните ромски обичаи и настани“, рече Гордана. „Јас бев многу среќна да бидам сведок на тимската работа на нашите ученици и на нивниот соживот“.

# 36 Мали грантови

## Обука и ориентација за семејствата на лицата со посебни потреби



Ноеми и нејзината соработничка организираа серија работилници за родители на деца со посебни потреби, и подготвија прирачник за родители на македонски и на албански јазик. Како надополнување на услугите за родители што веќе ги нудеше Ластовица, со помош на овој проект организацијата додаде редовни месечни консултации и обуки за родители.

Работилниците беа организирани како дел од дводневната обука „Помош, поддршка и насоки за семејствата на деца со посебни потреби“. Во текот на овој настан, родителите добија информации во врска со социјалните, образовните и здравствените придобивки што им следуваат од страна на државата. Работилниците беа понудени бесплатно на вкупно 50 родители на деца со посебни потреби од Гостивар, Штип, Скопје и околните населени места.

Со цел еднакво да се вклучат лицата коишто ги зборуваат најзастапените јазици во Македонија, обуките беа одржани на македонски и на албански јазик. Прирачниците, исто така, беа објавени на двата јазика. Секој родител кој учествуваше во една од работилниците доби примерок од прирачникот, а на веб страницата на Ластовица дополнително беше објавена електронска верзија и споделена преку социјалните медиуми.

На работилниците се развија плодни дискусии меѓу специјалните едукатори и родителите. Доказ за успешноста на проектот беше тоа што како резултат на него, родителите од Скопје воспоставија практика за месечни состаноци со цел размена на ресурси и споделување информации.



# 36 Мали грантови

## Жените во новинарството, медиумите и комуникацијата



Главна цел на овој проект беше да се поддржат младите девојки да го насочат својот кариерен развој во областите новинарство, медиуми и комуникација. Преку месечни состаноци, обуки и со помош на технологијата што беше обезбедена од овој проект, група ученици од Виница, главно девојки, се стекнаа со практично искуство од печатеното и телевизиското новинарство.

Проектот, исто така, им помогна на девојките од Виница да развијат вештини во областите фотографија, дигитална комуникација и медиуми. Покрај тоа што добија искуство со основање и водење новинарски клуб, тие научија и да ракуваат со професионална фотографска опрема и стекнаа основни уреднички и дизајнерски вештини. Членовите на новинарскиот клуб добија и обука на тема лидерство и имаа можност да дознаат за работата на успешни жени фотографи.

Локалната заедница му даде голема поддршка на проектот. Од страна на локалните медиуми беа пренесени информации за изложбата на фотографии на учениците вклучени во овој проект, а реакциите од страна на граѓаните од Виница беа многу позитивни.



# 43 Општини во кои живееја и служеа волонтери

## Успеси на волонтерите



Откако пристигна во Крива Паланка во декември 2016 година, волонтерот Кајл води воннаставна програма за здравствена заштита со повеќе од 200 млади луѓе, момчиња и девојчиња на возраст од 6 до 17 години. „Атлетите“ (како што се нарекуваат членовите на проектот „Тим Крива Паланка“) учествуваат во неделни атлетски тренинзи кои имаат цел да им помогнат да станат здрави, активни граѓани и лидери на заедницата, подготвени да се развијат себеси и нивната заедница. Користејќи спортски јазик, „Тим Крива Паланка“ им прави подготовки на младите за победа во спортот и во животот со стекнување вештини и искуство за тоа.

„Тим Крива Паланка“ им дава можност на учесниците за активно учество во сопствениот ментален и физички развој. Освен во неделните атлетски тренинзи, кои го развиваат атлетскиот дух, координацијата и подвижноста на колковите, сите спортисти учествуваат и во обуките за стекнување вештини во области како што се лично здравје и хигиена, тимска работа. Проектот промовира и понапредни концепти како што е зајакнување на жените преку спорт, демократија и екологија. Кога се презентираат преку спортот, докажано е дека овие вештини и концепти ги забрзуваат процесите на учење и нивната примена во други аспекти на животот на спортистите.



„Тим Крива Паланка“ доби поддршка од Програмата за мали грантови на Мировен корпус во јануари 2018 година. Проектот дополнително ја прошири тековната работа и има за цел подобрување на физичкото здравје на учесниците за 50% што ќе се покаже со тестирање и со следење на подвижноста на колковите, флексибилноста, стабилноста, силата и експлозивноста; како и подготовка на локални спортски тренери за да ја преземат целата програма до 1 јуни. Сите обуки беа снимени од страна на тренерите на спортските клубови и беа објавени на YouTube и на Фејсбук. Финансирањето беше искористено за набавка на основна атлетска и спортска опрема и за организирање два женски кампа предводени од македонски професионални спортисти (карате и кошарка), во кои учествуваа 100 женски спортисти на возраст од 6 до 17 години.

# 83 Наставници кои работеа со волонтери

## Сведоштво на Бесник Селими - соработник

Соработката меѓу нашиот волонтер од Мировен корпус и заедницата беше многу големо искуство. Постојат многубројни придобивки од работата со волонтер на Мировен корпус. Некои од нив вклучуваат комуникација со роден говорител на англискиот јазик, откривање на поинаква перспектива за настава и работа со учениците, и учење за различна култура и образовен систем. Дополнително, заедницата надвор од училиштето има корист од волонтерите на Мировниот корпус кога тие организираат разни активности со локалните млади луѓе, како што се курсеви по англиски јазик и спортски клубови.



Преку моето искуство со работа со волонтер забележав зголемување на оценките на учениците по англиски јазик, како и поголема концентрација за време на часовите. Учениците повеќе соработуваат и се чувствуваат посигурни да се движат во училницата, да одговараат на прашања и да наоѓаат решенија. Користејќи го пристапот фокусиран на учениците открив дека тие се многу позаинтересирани за интерактивни активности и игри од граматика и комуникација, отколку за класичен приод.

Преку користењето на информатичка технологија, нашиот волонтер Лаура им ги презентираше на учениците американската култура и празници. На овој начин, студентите дознаа за тоа како се слават празниците во друга земја. Државниот натпревар во пишување есеи и Државниот натпревар во спелување на англиски јазик уште повеќе им го доближија на нашите ученици англискиот јазик и ги мотивираа да се натпреваруваат со учениците од другите училишта.

Како заклучок, соработката со волонтерот на Мировниот корпус не е само за наставата по англиски јазик, туку и за давање надеж и мотивација на учениците да направат промена за подобар избор во животот. Мировниот корпус навистина носи надеж и мир.

# 92 Невладини организации во кои работеа волонтери

## Сведоштво на Снежана Сарамандова – соработник на волонтер

Дали некогаш сте се прашале зошто луѓето волонтираат? Каква корист имаат? Зошто би ги напуштиле работата, домовите и семејствата и би патувале од Америка до Македонија за да волонтираат во некоја организација или општина? Мојот одговор на сите овие прашања е: богатото искуство што го добива личноста од работата, а во исто време да може да ужива во резултатите.

Фондацијата Аполонија е мала, но активна непрофитна организација која работи во изминатите 10 години во Југоисточна Македонија. Нашата организација имаше задоволство да соработува со голем број волонтери од Мировниот корпус во изминатите 9 години.



Некои од проектите на кои работевме со нашите волонтери во минатото вклучуваат: работа на терен со деца во рамките на еколошката програма наречена Ден на природата, рециклирање пластика, поставување сензорни простории за деца со посебни потреби, отворање волонтерски ресурсен центар за млади, пишување и менаџирање грантови, иницирање стручна програма за рециклирање хартија во дневниот центар за деца со посебни потреби, активности за градење капацитети на вработените и другите членови на заедницата, филмски вечери за млади, часови по англиски јазик, чистење, еколошки конференции и многу други настани.
Но главната придобивка од оваа соработка не може да се мери со проектите што ги почнаа волонтерите. Лично добив пријатели за цел живот, и добив големо задоволство од заедничката работа, од мојот личен и професионален развој.



Благодарение на работата со волонтерите, мојот англиски јазик се подобри, станав поорганизирана и научив многу за изготвување и менаџирање проекти, пишување грантови, истражување и воспоствување партнерства и сето тоа на најдобар можен начин – преку искуствено учење. Секој од волонтерите со кои работевме, остави личен белег, и има значајна улога во обликувањето и развојот на Фондацијата Аполонија.

# 500 Млади луѓе во клубовите GLOW и YMLP



Улогата на програмите за младински развој GLOW (Девојки кои го водат светот) и YMLP (Лидерски камп за млади момчиња) е да ги развијат потенцијалите на младите во Македонија со тоа што ќе им овозможата да ги развијат неопходните знаења и вештини за да станат активни лидери во своите заедници. Ова се реализира преку искуствено учење во двата кампа и многубројните клубови низ Македонија во коишто се слават различностите, се градат академски и општествени компетенции и се промовира користењето на англискиот јазик. Фокусот на програмите за младински развој GLOW и YMLP е создавње желба кај младите за волонтирање и служење во заедницата.

На камповите, учесниците научија како да дејствуваат во своите заедници преку проектна симулација на волонтирање. Преку ова, камперите ја развиваат свеста за можностите за волонтирање во нивните заедници, учат како да ги препознаат потенцијалните потреби на заедницата и како да ги искористат ресурсите со кои располагаат. По завршувањето на камповите GLOW и YMLP доаѓа најдобриот дел од годината – формирањето на младинските клубови GLOW и YMLP и применување на проектите во заедниците на камперите. Младинскиот фонд на GLOW и YMLP, поддржан од ИМКА Битола, им нуди можности на клубовите GLOW и YMLP за имплементирање на вештините што ги стекнале камперите за време на кампот,. Во првиот круг на аплицирање за грантови, на 7 клуба GLOW и YMLP им беа одобрени грантови базирани врз нивните предлог-проекти напишани од страна на нивните младински лидери во областите животна средина, граѓанска вклученост и уметност. Секој проект поединечно, се спроведе за помалку од 100 долари.

Еден од проектите реализирани преку Младинскиот фонд е и проектот имплементиран од клубот GLOW/YMLP во Охрид, каде што се одржа настан за рециклирање електорнска опрема во средното училиште „Св. Кирил и Методиј" во Охрид. Со помош на директорот и на вработените во училиштето, како и на компанија за рециклирање од Скопје, клубот собра голем дел од електронската опрема од училиштето и ја испрати во Скопје за натамошно безбедно рециклирање. Лидерот на младинскиот клуб во Охрид, Филип којшто беше учесник на кампот YMLP во 2017 година кажа: „Она што ми се допадна најмногу од проектот што го реализиравме е фактот дека инспириравме огромен број луѓе во нашето училиште да волонтираат и да ни помогнат соодветно да се ослободиме од сите непотребни електронски апарати. По завршувањето на проектот, сите што волонтираа се чувствуваа исполнети и среќни затоа што испразнивме огромен простор во училиштето откако се ослободивме од целата непотребна електроника. Многу сум горд и среќен поради помошта од училиштето, учениците, рециклирачкиот тим од Скопје, како и членовите на младинскиот клуб.

# 10000 Учесници во активности во локалните заедници

## Летни кампови „Низ светот“

Минатото лето, во градовите и селата низ Македонија учениците имаа можност да патуваат „низ светот“ за време на камповите „Низ светот“ 2017. Во јули и во август, волонтерите на Мировен корпус организираа и беа домаќини на пет еднонеделни кампови во нивните места на живеење. Локалните ученици, најчесто на возраст од 8 до 12 години, учествуваа на овие популарни летни активности со голем ентузијазам. Камповите се одржуваа во училишта во најразновидни населени места - од најмали села со население од 250 жители до големи градови со население од 36 000 жители, во заедници со македонско, албанско, турско, ромско население, како и други етнички групи.





Секој ден поминат во кампот камперите учеа за културите и традициите од различни земји, преку интерактивни активности. Земјите кои беа одбрани за камповите во 2017 година беа: Индија, Перу, Соединетите Американски Држави, Египет и Нов Зеланд. Активностите што беа базирани на предавања, вклучуваа: интернационални спортови, игри, уметност и музика. Целта на овие кампови беше камперите да го подобрат користењето на англискиот јазик и да се развие поголема културолошка свест кај камперите и во нивните заедници. Првата цел беше остварена со користење на англискиот јазик како работен јазик на камповите, со дополнување на локалните јазици по потреба. Камперите развија поголема свест за различните култури, со тоа што покажаа љубопитност и демонстрираа знаење за нови места и аспекти од нивните култури.

Камповите „Низ светот“ претставуваа одлична можност за младите луѓе да се вклучат во едукативни процеси, кои се различни од нивните страндардни часови на училиште. Генерално, волонтерите на Мировен корпус и локалните соработници можеа да забележат како камповите го подигнаа личниот и социјален развој на камперите, преку начинот на кој соработуваа со своите соученици за време на кампот. Камперите се вклучија во забавни и физички активности преку планирани дневни активности, како што се: изучување на традиционалниот „хака“ танц на Маорите и „Плачот на војната“ од Нов Зеланд. Тие се стекнаа со чувство на исполнетост и креативно изразување преку пеење и цртање, како на пример, декорирањето на „систрум“ – стар египетски инструмент. Камперите воспоставија позитивна комуникација преку групна работа, музика и спорт во структуриран процес воден од советниците на кампот, насочен кон нивно активно учество.

# 10000 Учесници во активности во локалните заедници

## Програма Тек-ап (TechUP)

Програмата „Тек–ап“ беше создадена од волонтер на Мировен корпус во Гостивар, но последните два академски семестра се одржуваше во вториот по големина град во Македонија, Битола. Програмата „Тек-ап“е практична програма за развој на капацитетите на средношколците за компјутерско програмирање.

На почетните часови во Битола, учениците учеа за основите на HTML и CSS низ интерактивни инструкции и вежби во компјутерската лабораторија (обезбедена од Американското катче во Битола). За време на курсот за средно ниво, шест ученици се здобија со практично искуство со тоа што креираа едноставни веб-страници за организациите во локалните заедници, како што е форумот на самохрани родители и групата посветена на обезбедување специјализирани едукативни материјали за наставниците.

Групите се состануваа по редовната настава и во саботите. Фактот што учениците одвоија голем дел од своето драгоцено слободно време сведочи за можностите на програмата да го задржи нивното внимание. Групите не само што научија да програмираат, туку исто така, научија и како да работат во тим, како да одговорат на потребите на нивните клиенти и за одговорноста за креирање краен производ.

Програмата во Битола беше создадена од страна на волонтер на Мировен корпус, но важно е да се напомене дека истата функционираше со мала поддршка од волонтерот. „Тек-ап“ е спроведена од страна на локални инструктори, наменета за локални млади луѓе и нуди бесплатни веб-страници за локалните организации (креирани за време на часовите за средно ниво). Ова создава право на владение на локалната заедница и одржливост за да може програмата да продолжи откако ќе заврши службата на волонтерот.



# 10000 Учесници во активности во локалните заедници

## Предавање на ММОН на СЕГА




Како дел од долготрајните напори на Мировен корпус за преземање на проектите од страна на локални организации, во септември 2017 г. Мировен корпус официјално го предаде проектот Македонски Модел на Обединети Нации (ММОН) на локалниот партнер Коалиција на младински организации СЕГА - национално распространета мрежа на невладини организации, кои работат на младински развој. Во изминатите шест години СЕГА работеше со волонтерите на Мировен корпус за да го имплементира проектот ММОН на национално ниво, со што беа обучени 500 млади луѓе за симулација на Моделот на Обединети нации. Младите се стекнаа со вештини за истражување, дебатирање, јавно говорење, решавање проблеми, како и зборување на англиски јазик. Со секој настан на ММОН, волонтерите на Мировен корпус им помагаа на вработените во СЕГА да можат сѐ посамостојно да го имплементираат проектот од програмски и од логистички аспект. Во 2017 година, со поддршка од волонтер на Мировен корпус, СЕГА покрена иницијатива за собирање средства за настанот преку плаќање котизација за учество, со што ја елиминираа потребата од надворешни грантови и обезбедија финансиска стабилност.




ММОН е високо вреднуван од учениците, родителите и наставниците и успеа да привлече преку 70 учесници, и покрај плаќањето котизација. Како дел од предавањето на надлежноста, волонтер на Мировен корпус и колегите од коалицијата СЕГА изработија прирачник за МОН, кој служи како програмски, административен и логистички водич за почнување и имплементирање слични Модели на Обединети Нации и во други земји.

# Мировен корпус во Македонија
## во 2017

**79**

волонтери на Мировен корпус

**92**

партнерски здруженија на граѓани

**500**

млади вклучени во клубовите GLOW и YMLP

**11**

волонтери кои ја продолжија службата за дополнителна трета година

**10,000**

учесници во граѓански активности

**22**

години во Македонија

**35**

основни и средни училишта во кои служеа волонтери

**73**

клубови водени од волонтери

општини во кои беа имплементирани мали грантови од Мировен корпус

**26**

**6,200**

ученици на кои им предаваа волонтери

**73,165**

долари обезбедени за проекти преку програмата на Мировен корпус за мали грантови

Број на волонтери на Мировен корпус по региони







од сите волонтери служеа во рурални средини

**72%**

од сите волонтери одбраа да живеат со своите семејства – домаќини во текот на целата служба

Piktochart